РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА НАРОДЕН ТЕАТАР - БИТОЛА
бр. 04-162/7
07.04.2026 год.
Битола

НУ НАРОДЕН ТЕАТАР БИТОЛА
NI National Theatre Bitola

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за работни односи (Сл. весник на РМ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 149/09, 50/10,124/10,47/11,11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15 и 27/16), членот 3 и членот 20-г, 20-д од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл. весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 27/16 и 35/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.143/19 и 14/20), член 22 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на селекцијата, начинот на спроведување на интервјуто, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавниот оглас во НУ Народен театар-Битола со арх бр.01-737 од 25.12.2025 година, врз основа на ранг листата од комисијата за спроведување на вработување во НУ Народен театар-Битола за 3 (три) лица во категоријата на помошно-технички персонал по јавен оглас број 01/2026 со архивски број 04-162/6 од 07.04.2026 година, член 11 од Статутот на НУ Народен театар-Битола со срхивски број 02-88 од 14.03.2019 година, директорот на ден 07.04.2026 година ја донесе следната

# ОДЛУКА

## за избор на 3 (три) лица за вработување на полно и неопределено работно време во категоријата Помошно-технички персонал по јавен оглас 01/2026

Врз основа на објавниот јавен оглас број 01/2026 од 17.03.2026 година, изврштените две фази на селекција-административна и интервју, како и доставената ранг листа со архивски број 04-162/6 од 07.04.2026 година од страна на комисијата за спроведување на постапка за вработување во НУ Народен театар-Битола формирана со решение број 04-162/3 од 27.03.2026 година, се избираат следните лица за секое работно место пооделно во категоријата Помошно-технички персонал и тоа:

1. За работно место со реден број 1 од јавниот оглас – Декоратер, со шифра на работно место КУЛ 04 01 А03 006, во категоријата А-Одржување на опрема во категоријата Помошно технички персонал, со вкупно 1(еден) извршител се избира кандидатот Златко Ѓоргиевски;

2. За работно место со реден број 2 од јавниот оглас – Хигиеничар, со шифра на работно место КУЛ 04 01 Б03 001, во категоријата А-Одржување на објекти во категоријата Помошно технички персонал, со вкупно 1(еден) извршител се избира кандидатот Гордана Стојановска и

3. За работно место со реден број 3 од јавниот оглас – Хаусмајстор, со шифра на работно место КУЛ 04 01 Б02 001, во категоријата А-Одржување на објекти во категоријата Помошно технички персонал, со вкупно 1(еден) извршител се избира кандидатот Оливер Петровски.

Избраните кандидати од точките 1,2 и 3 на оваа одлука ќе засноваат работен однос на полно и неопределено работно време во Националната установа Народен театар- Битола со потпишување на договор за вработување, после конечноста на оваа одлука.

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување

Ул. „Широк Сокак" бр. 60, П.Фах: 187, 7000 Битола, Република С. Македонија, Тел/факс: +389 47 55 22 44
Str. "Sirok Sokak" no. 60., P. O. Box 187, 7000 Bitola, Republic of N. Macedonia, Tel/Fax: +389 47 55 22 44

E-Mail: teatarbt@hotmail.coml www.narodenteatarbitola.com

НУ НАРОДЕН ТЕАТАР БИТОЛА
NI National Theatre Bitola

## *Образложение*

Националната установа Народен театар-Битола, согласно Законот за културата, Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за работните односи, како и Согласноста од Министерството за финансии бр.19-939/2 и 19-2300/2 од 12.03.2026 година, објави јавен оглас бр.01/2026 на 17.03.2026 година во дневните весници "Нова Македонија","Слободен печат" и "Коха" за вработување на полно и неопределено работно време на 3(три) лице во категоријата Помошно-технички персонал и тоа 1(еден) извршител за работно место Декоратер, 1(еден) извршител за работно место Хигиеничар и 1(еден) извршител за работно место Хаусмајстор.

Во врска со горе наведениот јавен оглас директорот формира комисија за спроведување на постапката за вработување во НУ Народен театар-Битола формирана со решение број 04-162/3 од 27.03.2026 година, по претходен предлог од страна на Министерството за култура и туризам со архивски број 40-4126/1 од 26.03.2026 година, ,која по поднесените пријави на кандидатите ја спроведе постапката за вработување согланo Законот за културата и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на селекцијата, начинот на спроведување на интервјуто, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавниот оглас во НУ Народен театар-Битола со арх бр.01-737 од 25.12.2025 година, ги спроведе двете фази на селекција и изготво Ранг листа на кандидати за вработување на горенаведените работни места и истата ја достави до директорот за избор.

Врз основа на таа ранг листа Директорот на театарот изврши избор за горенаведените работни места по објавениот јавен оглас бр.01/2026 како во член 1 од диспозитивот на оваа одлука, заради што се одлучи како во диспозитивот на одлуката.

Избраните кандидати од точките 1,2 и 3 на оваа одлука ќе засноваат работен однос на полно и неопределено работно време во Националната установа Народен театар- Битола со потпишување на договор за вработување, после конечноста на оваа одлука.

Правна поука: против оваа одлука незадоволниот кандидат има право во рок од 8(осум) дена да поднесе приговор до Управниот одбор на театарот.

Д-но до: архива, избраните кандидати од диспозитивот, пријавените кандидати на јавниот оглас, Агенција за вработување на РСМ.

НУ Народен театар Битола
Директор
Васко Мавровски

Изработил:Снежана Дамчевска-Самостоен референт за правни работи (општи,административни и работи во врска со човечки ресурси)

Ул. „Широк Сокак" бр. 60, П.Фах: 187, 7000 Битола, Република С. Македонија, Тел/факс: +389 47 55 22 44
Str. "Sirok Sokak" no. 60., P. O. Box 187, 7000 Bitola, Republic of N. Macedonia, Tel/Fax: +389 47 55 22 44

E-Mail: teatarbt@hotmail.coml www.narodenteatarbitola.com